**ENERGI-CYCLING.COM** Многу повеќе од веб–страница, кога ќе ја отворите се отвара еден нов животен стил и концепт, не само веб–страницата на еден од скопските велосипедски клубови. На неговите педесетина членови од кои еден дел се подготвуваат да возат еден од маратоните во Италија на крајот на јуни, тешко им е да се промовираат како дел од општеството, кое не мари за различноста во која е вклучена замената на автомобилот со велосипед, и користењето на велосипедот во цели кои не се само од спортска или натпреварувачка природа. Бавењето со велосипедизам подразбира посветеност, креирање на нов имиџ кој отскокнува од користењето на вообичаената спортска опрема, и преминува во еден вид мода со свои облежја: модел, боја, бренд, со избегнување на користење на облеката што ја имаат други клубови во светот. Ниту еден од велосипедисти на клубот не поминува незабележен. Дека не им е едноставно во град кој на велосипедизмот се гледа како на луксуз или хир покажа и последната трка во центарот на градот, за која изостана медиумската покриеност, па дваесет и петте круга велосипедистите од цела Македонија ги возеа пред малку публика. Никогаш не е доцна да ја отворите фото архивата на сајтот и да видите што сте пропуштиле, не само на последната трка, туку и на сите настани на кој клубот учествувал од формирањето во 2007 година.






**SPECIALIZED.COM** Кога нешто ќе разберете за велосипедизмот од најпознатиот велосипедист на светот, побарајте ја оваа веб–страница, која ќе ве упати во непознатиот свет на велосипедите, аксесоарите, новините во производството што обединуваат уметност, стил и иновации во производството на идното најпопуларно превозно средство на светот.

